**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОЧАРСТВОТО**

**Член 1**

Во Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр. 07/08 и 116/10), во членот 1 во ставот 1, по зборовите “**стручните задачи и**“ се додава зборот „**јавните**“

**Член 2**

Во членот 2 зборот „**пчели**“ се заменува со зборовите „**медоносни пчели (во понатамошниот текст пчели)**.”

**Член 3**

Во членот 3 во ставот 1, по алинеја 11 се додава нова алинеја која гласи:

„**организирање и обезбедување на јавни услуги**“.

**Член 4**

(1) Во членот 4 во ставот 1, по точка (23) се додава нова точка (24) која гласи:

**“(24) Јавна услуга е збир на стручни задачи и активности од спроведувањето на ЗОПОД, спроведувањето на Програмата за заштита на биолошката разновидност и водењето на Катастарот на пчелна паша и прогноза на медењето во пчеларството**“.

(2) Точките: 24,25,26,27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43 и 44 стануваат точки : 25,26,27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44 и 45.

(3) По точка (45), се додава нова точка (46) која гласи:

**“(46) Стручни задачи се одредени задачи кои произлегуваат од спроведувањето на ЗОПОД, спроведувањето на Програмата за заштита на биолошката разновидност и водењето на катастарот на пчелна паша и прогноза на медењето во пчеларството во зависност од предвидените активности по години**“.

(4) Точките: 45,46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54 и 55, стануваат: 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54,55, 56 и 57.

**Член 5**

(1) Во членот 20 во ставот 2, зборот „**одгледувачката**“ се заменува со зборот „**приплодната**“.

(2) Во ставот 3 зборовите „**вредноста на плодноста**“ се заменуваат со зборовите **“приплодната вредност„**

**Член 6**

Во членот 34 во ставот 2, зборот „**задачите**“ се заменува со зборовите „**стручните задачи**”.

**Член 7**

Во членот 36 во ставот 2, по зборот „**оценување**“ се додава зборот „**рангирање**“.

**Член 8**

Во членот 42 во ставот 2 во алинејата 1 запирката се заменува со сврзникот „и” а алинејата 2 се брише

**Член 9**

Во членот 51 во ставот 2 во алинејата 2 запирката се заменува со сврзникот „и”, во алинејата 3 сврзникот „и” се заменува со точка, алинејата 4 се брише.

**Член 10**

(1) Во членот 53 во ставот 2 зборовите “**за ген банка**“ се бришат.
(2) Во ставот 4 по зборот “**добиток**,“ се додаваат зборовите „**на вршителите на јавни услуги**,”..

**Член 11**

(1) Во членот 54 во ставот 2, по алинеја 3 се додаваат пет нови алинеи 4,5,6,7 и 8 кои гласат:

**„- кокошка: домашна кокошка;**
**- бивол: домашен бивол;**
**- коњ: домашен коњ;**
**- магаре: домашно магаре;**
**- куче: овчарско куче шарпланинец;“**

(2) Во ставот 4, зборовите **„на задачи на ген банки во сточарството”** се заменуваат со зборовите „**спроведување на програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството**”.

**Член 12**

Во членот 55 во ставот 1 зборовите„**за генски банки** ” се заменуваат со зборовите „**во рамките на спроведувањето на програмата за заштита на биолошката разновидност**’’.

**Член 13**

Во членот 59 во ставот 1 зборовите “**можат да**” се заменуваат со зборовите „**ги вршат**”, а по зборот „сточарството” се додаваат зборовите **„кои мора да се овластени и**”.

**Член 14**

Насловот на членот 60 и членот 60 се менуваат и гласат:

**„Овластување**

**(1) Овластување за вршење на јавни услуги од овој закон на субјектите од член 59 став 1 на овој закон се врши врз основа на решение кое го донесува министерот по претходно поднесено барање до Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.**

**(2) За давање на овластувањето од став 1 на овој член, субјектите треба да ги исполнуваат условите за вршење на јавната услуга од член 59 став 1 и 2 од овој закон.**

**(3) Министерот, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за издавање на овластување од став 1 на овој член, донесува решение, со кое одлучува по барањето за издавање на решение за овластувањето.**

**(4) Доколку министерот не донесе решение за давање на овластување од став 1 на овој член, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од став 3 на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за донесување на решение по поднесеното барање.**

**(5) Формата и содржината на образецот на барањето од став 1 на овој член, потребната документација, како и формата и содржината на барањето од ставот 4 на овој член ги пропишува министерот.**

**(6) Кон барањето од став 4 на овој член, подносителот на барањето доставува и копија од барањето од став 1 на овој член .**

**(7) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство должен е во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од став 4 на овој член до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да донесе решение со кое барањето за издавање на решение за овластувањето од став 1 на овој член, е уважено или одбиено. Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството.**

**(8) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот 7 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.**

**(9) Државниот управен испекторат е должен во рок од 10 дена од денот на прием на известувањето од ставот 8 на овој член да изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето.**

**(10) Инспекторот од државниот управен испекторат по извршениот надзор согласно закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 10 дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или**

**одбие барањето и да го извести испекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.**

**(11) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од став 10 на овој член испекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести испекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето.**

**(12) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од став 10 од овој член, испекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето.**

**(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од став 10 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку Директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на државниот управен испекторат.**

**(14) Директорот на државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од став 13 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите 9 и 10 и/или не поднесе пријава согласно ставовите 11 и 12 на овој член, Директорот на државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за испекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој испекторот ќе изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.**

**(15) Доколку испекторот на постапи и во дополнителниот рок и во дополнителниот рок од став 14 од овој член, Директорот на државниот управен испекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против испекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.**

**(16) Во случај на став 15 на овој член Директорот на државниот управен испекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг испектор да го спроведе надзорот веднаш.**

**(17) Во случаите на став 16 од овој член, Директорот на државниот управен испекторат во рок од три дена го информира подносителот на барањето.**

**(18) Доколку Директорот на државниот управен инспекторат не постапи согласно став 14 од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител, во рок од три дена .**

**(19) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рок од став 12 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.**

**(20) Постапката пред Управниот суд е итна.**

(21) **По објавувањето на подзаконските акти од став 5 на овој член во „Службен весник на Република Македонија“, истите се објавуваат на веб страницата на Министерството на земјоделство, шумарство и водостопанство**“.

**Член 15**

По членот 60 се додаваат три нови члена 60-а, 60-б и 60-в кои гласат:

**„Член 60-а**

**Одземање на овластување**

**(1) Доколку овластениот субјект престане да исполнува некој од условите предвидени со член 59 на овој закон или не ги извршува стручните задачи како јавни услуги предвидени во член 62 од овој закон, министерот донесува решение за одземање на овластувањето.**

(2) **Против решението од став (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен"**

**Член 60-б**

**Јавен конкурс**

**(1) За извршување на стручните задачи кои како јавни услуги се предвидени во член 62 од овој закон министерството распишува јавен конкурс.**

**(2) На јавниот конкурс можат да се јават овластени субјекти од членот 59 став 1 на овој закон.**

**(3) Јавниот конкурс особено содржи податоци за:**

**1) видот на јавната услуга;**
**2) почеток и времетраење;**
**3) критериуми за избор;**
**4) максимална цена за извршување на јавната услуга**
**5) временски рок за извршување на јавната услуга;**
**6) контакт лице за обезбедување информации во врска со содржината на јавниот конкурс;**
**7) начин и рок за доставување на пријавите;**
**8) дата, место и време на отворање на пријавите на конкурсот и**
**9) начин на информирање на кандидатите за извршениот избор.**

**(4) Постапката на отворање и оценување на понудите ја спроведува Комисија која е составена од пет члена од редовите на вработените на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.**

**(5) Комисијата од ставот (4) на овој член ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.**

**(6) Овластени преставници на понудувачите можат да бидат присутни на отварањето на пријавите.**

**(7) Изборот по Јавниот конкурс се врши во зависност од техничката и кадровската опременост на учесниците, како и од висината на понудената цена за вршење на услугите предмет на јавнуниот конкурс.**

**(8) Понудите кои ќе бидат поднесени по утврдениот рок нема да бидат разгледувани.**

**(9) Врз основа на спроведениот јавен конкурс од став 1 на овој член,а по предлог на Комисијата од став 4 на овој член, министерот донесува решение за избор на овластен субјект за вршење на одделна јавна услуга.**

**(10) Против решението од ставот (9) на овој член подносителот на барањето има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**
**(11) Критериумите од став (6) на овој член поблиску се определуваат со јавниот конкурс**."

**Член 60-в**

**Договор**

(1) **Субјектите кои се стекнале со решение за вршење на јавни услуги склучуваат договори со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.**
(2) **Договорот од ставот (1) на овој член се склучува во писмена форма и особено содржи податоци за:**

**1) давател на услугите и стручни лица кои ја извршуваат услугата;**
**2) услугите кои се извршуваат;**
**3) начинот и условите за спроведување на услугите утврдени со договорот;**
**4) правата, обврските и одговорностите на давателот на услугите;**
**5) времето и начинот на извршувањето на услугите;**
**6) почетокот и времетраењето на услугите;**
**7) изворите на финансирање;**
**8) контролата на вршењето на услугите;**
**9) престанокот на важењето на договорот;**
**10) причините за раскинување на договорот и**
**11) периодот за раскинување на договорот**".

**Член 16**

(1) Во членот 62 во ставот 1 во алинеја 1 по зборот „**спроведување на**" се додаваат зборовите „**мерки и активности од** ."

Алинејата 3 се менува и гласи:
„**спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството**"

Во алинејата 4, по зборовите „**пчелна паша**" се додава сврзникот „**и**"

Во алинејата 5, сврзникот „**и**" се брише.

Алинејата 6 се брише.

**Член 17**

Во членот 68 став 1, во алинеа 1 сврзникот „**и**" се брише, во алинеа 2 се додава зборот „**и**", а по алинеа 2 се додава нова алинеа 3 која гласи: „**-овластени субјекти**".

**Член 18**

**Подзаконски акти**

Прописите утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 19**

Јавниот конкурс од членот 60 б на овој закон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го објави најдоцна од 180 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Субјектите од членот 59 на овој закон кој сакаат да учествуваат во јавниот конкурс од ставот 1 на овој член треба да поднесат барање за издавање на овластување од членот 60 на овој закон во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 20**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за сточарството

**Член 21**

**Влегување во сила на законот**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОЧАРСТВОТО** |
| Министерство: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Цветан Трипуновски |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Влада на РМ - Јануари 2013 година<br>Собрание на РМ – Февруари 2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

## А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

**1. Кои се главните проблеми?**

Главните проблеми кои ја наметнуваат потребата од овој закон се:

- Добивање на законодавен основ за спроведување и имплементирање на јавни услуги во сточарството;
- Дефинирање на поимите „стручни задачи“ и „јавни услуги“;
- Добивање на законодавен основ за заштита на нови автохтони видови, раси и линии на домашни животни.

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Да се донесе Закон за изменување и дополнување на законот за сточарството со кое истовремено би се надминале наведените проблеми.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за информатичко општество и администрација, Кабинет на заменик претседателот на Владата на Република Македонија за економски систем, Агенција за храна и ветеринарство, Факултет за земјоделски науки и храна, Институт за сточарство.

## Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Податоци и искуства од примена на Законот за сточарството донесен во 2008 година, а објавен во („Службен весник на Република Македонија„ број 07/08 и 116/2010) и недостатоци во имплементацијата на мерките и активностите кои произлегуваат од програмите од обласа на земјоделството и руралниот развој.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

Информациите и податоците се веќе обезбедени со искуствата од досегашната примена на Законот за сточарството.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

Не се формира меѓуресорска група за спроведување на проценката на влијанието на регулативата, од причини што промените на законот не се од суштински карактер. За одредени проблеми од обласа на сточарството редовно се вршени консултации со соодветните Наставно Научни Институции и органи на државната управа.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

**В. Временска рамка**

1. **Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

Започнати се во Јуни 2012 година.

2. **Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

Аналитички студии, собирање на информации итн. ќе се обезбедат од сопствени ресурси.

3. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?**

Јануари 2013 година.

**Г. Ресурси**

1. **Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?**

Планираните човечки ресурси кои треба да се ангажираат во спроведување на постапката на проценка на влијанието на регулативата ќе се обезбедат од сопствени ресурси, односно државни службеници вработени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Образец бр. 2</u>**

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**

Предлог законот за изменување и дополнување на законот за сточарство има 20 членови. Предлог текстот на законот ја уредува областа на давањето на јавните услуги во сточарството во областа имплемантација на активностите Заедничка основна програма за одгледување на добитокот како и имплементација на мерките и активностите кои се предвидуваат согласно Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството. Законот ги дефинира и дефинициите за „јавни услуги" и „стручни задачи". Со предлог текстот се дополнуваат нови автохтони видови, раси и линии на домашни животни. Предлог текстот на законот детално ги уредува процедурите и постапката за овластување и доделување на јавните услуги, доделување на договори за вршење на дејност на јавни услуги.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со Законот за изменување и дополнување на законот за сточарство ќе се воспостави правна рамка за спроведување на постапка за извршување на стручните задачи кои како јавни услуги се доделуваат на даватели на јавни услуги предвидени во овој закон.
Со измените се дефинираат стручни задачи за спроведувањето на ЗОПОД (Заедничка основна програма за одгледување на добитокот), спроведувањето на Програмата за заштита на биолошката разновидност и водењето на Катастарот на пчелна паша и прогноза на медењето во пчеларството
Исто така со овој предлог на закон се врши дополнување на нови автохтони видови, раси и линии кои егзистираат на територијата на Р.Македонија.

**Идентификација на можни решенија (опции)**

Ќе се воспостави законодавна рамка за имплематација на јавните услуги во сточарството и заштита на автохтоните видови, раси и линии домашни животни.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):**

**Опис:**

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? **Не.**
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? **Не**.
- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? **Не.**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? **Не.**
- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица? **Не.**

**2. Придобивки**

**- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни Нема**

**- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни Нема**

**3. Ризици и претпоставки**

**Нема**

**4. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА/**НЕ** | ДА/**НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА/**НЕ** | ДА/**НЕ** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | ДА/**НЕ** | ДА/**НЕ** |
| Влијание врз животната средина | ДА/**НЕ** | ДА/**НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА/**НЕ** | ДА/**НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА/**НЕ** | ДА/**НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА/**НЕ** | ДА/**НЕ** |

**Чекор 3: Консултации**

Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за информатичко општество и администрација, Кабинетот на заменикот претседателот на Владата на Република Македонија за економски систем, Агенција за храна и ветеринарство, Факултет за земјоделски науки и храна, Институт за сточарство.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција:**

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**
   М-р Бесир Јашари – Државен секретар
   Цветан Трипуновски – Државен советник за сточарство и рибарство

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**
   - М-р Бесир Јашари – Државен секретар
   - Цветан Трипуновски – Државен советник за сточарство и рибарство

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на Предлог Закон за изменување и дополнување на законот за сточарството

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување: 04.01.2013 година<br>Свое мислење дадоа следниве организации: Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за информатичко општество и администрација, Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија за економски систем, Агенција за храна и ветеринарство. | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 1 | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 1 | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 1 | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување”? | ДА |

**Изјава од министерот**

Јас, *Љупчо Димовски,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

............................................................................... Датум:__.__.2013.

Извештај од спроведените конслултации со засегнати страни

.

По добиено задолжение од страна на Владата на Република Македонија за соодветна измена и дополна на Законот за сточарството во насока на обезбедување на правна основа за избор на овластен вршител на јавни услуги во сточарството, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство веднаш започна со активности. Како засегнати страни од измената на законот а како експерти во областа на сточарството беа повикани  преставници од Факултетот за земјоделски науки и храна од катедрата за анимална биотенологија и од Институтот за сточарство.

На почетокот на месецот декември од страна на Министерството беше формирана работна група за изготвување на предлог текст на измени и дополнувања на законот за сточарството во која беа вклучени правници од Министерството, вработени од одделението за сточарство како и експерти и професори од Факултетот за земјоделски науки и храна од катедрата за анимална биотенологија и од Институтот за сточарство. Во изработката на предлог текстот беа одржани повеќе состаноци . Во текот на изработката на предлог текстовите на измените и дополнувањата на законот за сточарство беа вклучени и консултирани и професори од факултетот за ветеринарна медицина.

Покрај правниот дел за кое и беше дадено задолжението од страна на Владата на Република Македонија, член по член се вршеше стручно и номотехничко подобрување на постоечкот текст од законот.

Професорите дадоа предлог да се извршат измени и дополнувања на автохтони видови, раси и линии домашни животни со што ќе се добие законодавен основ за зачувување, заштита, следење и создавање на ген банки на овие видови, раси и линии домашни животни кои егзистираат на територијата на Република Македонија во согласност со меѓународните стандарди на глобална акција за зачувување на биолошката разновидност во земјоделството како основен ресурс за производство на храна.

Објаснувањето на предлогот со предложените видови, раси и линии на домашни животни го надополнуваа со примери од нивната долгогодишна пракса и  искуство со укажување дека истите тие постојат во Република Македонија. Исто така укажаа дека во изработката на првичниот текст од законот за сточарство во 2007 година во кој истите учествувале овие видови, раси и линии ненамерно биле испушени со што се направила грешка.

По конечниот предлог текст на  измените и дополнувањата на законот за сточарство пред да се пушти на мислење до Министерства и институции во државата од членовите на работната група по предлог текстот немаше никакви забелешки.